# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
*НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА*

*Содржина*

703. Одлука за доделување финансиска помош на настраданото население од збратимената Општина Јабланица (БИХ)

8 октомври 2024 година, Гевгелија   Број 16   Година XXXXIII

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и 202/24 г.), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош на настраданото население од збратимената Општина Јабланица (БИХ)**

Се објавува Одлуката за доделување финансиска помош на настраданото население од збратимената Општина Јабланица, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 07.10.2024 година.

Бр.08-1264/2
08.10.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и 202/24 г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на вонредната седница одржана на 07.10.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
**за доделување финансиска помош на настраданото население од збратимената Општина Јабланица (БИХ)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува финансиска помош на настраданото население од збратимената Општина Јабланица (БИХ) за санирање на последиците од елементарната непогода – обилни дождови и поплава во месец октомври 2024 година.

**Член 2**

Средствата за финансиската помош во износ од 1.230.000,оо денари ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, од ставка А0 – 300.000,оо денари и ставка D0 – 930.000,оо денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1262/1
07.10.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“, Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***